# Јавен повик до доверителите на Општина Охрид

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 08 - 12050/1
21.11 2023 год.
ОХРИД

21/11/2023

**Врз основа на член 27 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04,67/07,156/09,47/11,192/158 и 209/18) Градоначалникот на Општина Охрид објавува:**

## ЈАВЕН ПОВИК

**До доверителите на Општина Охрид за пријавување на неплатени побарувања по основ судски и извршни решенија.**
**Се повикуваат доверителите на Општина Охрид да ги пријават неплатени побарувања по основ судски и извршни решенија.**

Рокот за пријавување на побарувањата е 7 (седум) работни дена од денот на објавувањето на Јавниот повик. Денот на објавување на Јавниот повик не се засметува во рокот.

Право на пријавување на побарување имаат сите доверители за доспеани а неплатени обврски по основ на правосилни судски решенија или друга извршна исправа или по друг основ, доставени за наплата до трезорот при МФ, заклучно со Ноември 2023 година со цел спогодбено утврдување на износот.

Со пријавата, доверителите се должни да ја достават и следната документација:

– Правосилни и извршни судски пресуди и налози за присилно извршување,
– Договор или друг правен акт од каде произлегува побарувањето помеѓу Општина Охрид и доверителот
– Фактура/ Ситуација за задолжувањето (аналитичка картица) и
– тековна состојба не постара од 6 (шест) месеци.
– предлог за спогодбено сервисирање на обврската која ја има Општина Охрид кон нив со вклучени поволности кои ги даваат.

Периодот за преговарање се утврдува помеѓу 01.12.2023 год. и 10.12.2023 година, по повик на Општина Охрид.

Документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копија. Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница подносителот на барањето ја потврдува со свој потпис и печат.

**Пријавата за побарување за пријавување на Јавниот повик, подносителите може да ја подигнат од архивата на општина Охрид или да ја превземат од web страната на Општина Охрид: www.ohrid.gov.mk**

**Пријавата со потребната документација да се достави преку пошта со препорачана пратка или лично во архивата на Општината Охрид (од 08:00 до 16:00 часот секој работен ден), на ул. „Димитар Влахов" бр.57, 6000 Охрид.**

**Општина Охрид**

**До**
**Општина Охрид**
**Сектор за финансиски прашања**

Сектор за финансиски праша
Одделение за сметководство
плаќање

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Северна
Македонија

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

# П Р И Ј А В А

**На побарувања согласно Јавен повик до доверителите на Општина Охрид, неплатени побарувања по основ на судски и извршни решенија**

**Име и презиме (назив на фирма):** ______________________________

**Адреса на доверител (седишта):** ______________________________

**ЕМБГ/ЕДБ:** ______________________________

**Тел.број:** ______________________________

**Износ на побарувањето:** ______________________________

**e-mail:** ______________________________

**Документација во прилог:**

______________________________

**Охрид,__________ 2023 год.**

**Пријавил:**